# ИЗВЕСТУВАЊЕ – ПОЈАСНУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ПОЛАГАЊЕ НА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Почитувани кандидати,

Поради тоа што се јавија одредени нејасноoти во врска со полагањето на правосудниот испит, конкретно по предметите Кривично право и Граѓанско право, Министерството за правда Ве известува за следното:

Согласно член 14 став (5) од **Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.190/19)** „Ако предметот се состои од писмен и од устен дел, се смета дека е положен доколку се положени и двата дела од предметот”.

Согласно член 16 став (4) од истиот закон „Ако кандидатот не го положил испитот кој се состои од писмен и устен дел, поправниот испит по тој предмет го полага писмено и усно”.